**Известување за концентрација со која Нипон Експрес Холдингс, Инк. (Nippon Express Holdings, Inc.),. Токио, Јапонија, стекнува контрола над СХ ХолдКо ГмбХ (SH HoldCo GmbH), Карлсруе, Германија**
**(предмет бр. 08-150/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), на ден 12.11.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Нипон Експрес Холдингс, Инк (Nippon Express Holdings, Inc.), со регистрирано седиште на Зграда на ЕнЕкс групација, Канда, Изумичо 2, Чијода-ку, 101-0024 Токио, Јапонија, („ЕнЕкс“, заедно со своите зависни друштва под контрола: „ЕнЕкс Групација“) има намера да стекне самостојна контрола над над Симон Хегеле групација на друштва („**Симон Хегеле Групација**“) преку стекнување на целокупниот удел во СХ ХолдКо ГмбХ (SH HoldCo GmbH), со седиште на Хаид-унд-Ној-Штр. 13-15, 76131, Карлсруе, Германија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ЕнЕкс** е јапонско друштво со седиште во Токио, кое котира на Берзата на Токио. Работи на светско ниво (во Јапонија, Јужна и Северна Америка, Европа, Источна Азија и Јужна Азија и Океанија) како глобален обезбедувач на услуги на логистика, вклучувајќи услуги за складирање, домашен и меѓународен превоз преку железнички, морски или воздушен пат.

Производите и услугите на ЕнЕкс се составен дел на четири сегменти за кои може да се извести, и тоа логистика, безбеден превоз, превоз на тешка стока и градежништво, како и логистичка поддршка.

Во Северна Македонија, ЕнЕкс има едно регистрирано зависно друштво :

**КАРГО-ПАРТНЕР ЛОГИСТИКС ДООЕЛ Скопје** (со регистрирано седиште на ул. Орце Николов бр. 111/1-1, 1000 Скопје, и регистрирана дејност 52.29 – Останати придружни дејности во превозот).

**Симон Хегеле Групацијата** е активен снабдувач на услуги и логистика на светско ниво со фокус на здравствениот сектор, главно лоцирано во Германија а во помал обем и во Франција, Соединетите Американски Држави, Обединетото Кралство, Мексико, Австралија, Бразил, Сингапур, и Турција. Симон Хегеле Групацијата не е воопшто присутна во Северна Македонија.

Според подносителите на известувањето релевантниот пазар на стоки би можел да се дефинира како пазар за договорни логистика.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

15.11.2024 година
Скопје